# кога Возвишениот Аллах објави: „А тие што не судат според тоа што Аллах го објавил, тие се вистински неверници“

Ибн Абас, Аллах нека е задоволен со него и со неговиот татко, раскажува дека кога Возвишениот Аллах објави: „А тие што не судат според тоа што Аллах го објавил, тие се вистински неверници“ (Ел-Маиде, 44), и „ се вистински насилници “ (Ел-Маиде, 45), и „ се вистински грешници “ (Ел-Маиде, 47). Ибн Абас рекол: Аллах ги објави тие ајети за двете групи од евреите. Едната група во времето на џахилиетот (незнаењето) ја имаше покорено другата, сè додека не се согласија и не се спогодија: дека за секој убиен од покорената група од страна на посилната – откупот ќе биде педесет товара (веск), а за секој убиен од посилната група од страна на послабата – откупот ќе биде сто товара (веск). Така продолжија сè додека не дојде Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, во Медина. Двете групи се потчинија на неговото доаѓање, иако Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, тогаш сè уште немаше власт над нив, ниту ги стави под своја управа – туку беше во примирје со нив. Тогаш послабата група уби еден човек од посилната, на што посилната испрати порака до послабата: „Испратете ни сто товара.“ Послабата група рече: „Зарем може во две племиња, чија вера е една, нивното потекло е едно, нивната земја е една – крвнината на едните да биде половина од крвнината на другите? Ние ви го дававме ова само од страв и од потчинетост кон вас. Но, сега кога дојде Мухамед – нема повеќе да ви го даваме тоа.“ За малку ќе избувнеше војна меѓу нив, па се согласија да го земат Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, за судија меѓу нив. Тогаш посилната група си рече: „Се колнеме во Аллах, Мухамед нема да ви пресуди да ви даде двојно повеќе од тоа што нему му давате. Тие навистина кажаа вистина: ние ова им го дававме само заради нашата сила над нив и за да ги потчиниме. Па испратете тајно кај Мухамед луѓе што ќе ви го јават неговото мислење: ако ви го даде она што го сакате – земете го за судија, а ако не – чувајте се и не го земајте за судија.“ Па испратија кај Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, неколку лицемери за да го дознаат неговото мислење. Кога дојде Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, Аллах го извести за целата нивна ситуација и за тоа што намислиле. Па Возвишениот Аллах објави: „О, Пратенику, нека не те загрижува тоа што брзо го покажуваат неверувањето тие кои со устите свои велат ‚веруваме‘...“ (Ел-Маиде, 41), сè до Неговите зборови: „Тие што не судеа според тоа што Аллах го објавил се вистински грешници!“ (Ел-Маиде: 47). Потоа (Ибн Абас) рекол за нив: „Се колнам во Аллах, тие ајети беа објавени за нив, и се однесуваат за нив.“

[حسن] [رواه أحمد]

Во Медина живееа еврејските племиња Бену Курејза и Бену Надир. Едното племе во времето на џахилиетот го имаше покорено другото и имаше превласт над него. Па се согласија и се спогодија дека за секој убиен што ќе го убие посилното и надмоќното племе од послабото и покореното – крвнината да биде педесет товара (весеци), а за секој убиен што ќе го убие послабото од посилното – крвнината да биде двојно, сто товара (веск). А еден веск изнесува шеесет сааʿ. Така продолжија сè додека Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, не се пресели во Медина. Двете групи му се потчинија на неговото доаѓање, иако тој, салаллаху алејхи ве селем, тогаш сè уште не извојувал победа над своите непријатели, ниту пак ги покорил нив на својата власт, бидејќи тоа беше на почетокот на хиџрата и тогаш имаа примирје. Потоа послабото племе уби еден човек од посилното. А посилното испрати до послабото: „Испратете ни сто товара, како што беше договорот." Послабото одговори: „Зарем може да се случи кај два народа, чија вера е една, потеклото едно и земјата една – крвнината на едните да биде половина од крвнината на другите?! Ние ви го дававме тоа само поради вашата неправда и стравот од вас. Но, откако дојде Мухамед, никогаш повеќе нема да ви го даваме тоа." И за малку ќе избувнеше војна меѓу нив, па се согласија да го земат Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, за судија меѓу нив. Но посилното размисли и рече: „Се колнеме во Аллах, Мухамед нема да ви пресуди да ви даде двојно повеќе отколку што им давате вие на нив. Тие навистина рекоа вистина: ние тоа им го дававме само поради нашата сила над нив и за да ги потчиниме. Затоа, испратете тајно кај Мухамед луѓе што ќе го дознаат неговото мислење: ако ви го даде она што го сакате – земете го за судија, а ако не – тогаш не го земајте за судија." Тие испратија тајно кај Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, неколку лицемери за да го дознаат неговото мислење. Но кога дојдоа кај него, Аллах му го објави откровението и му ја соопшти целата нивна состојба и нивната намера. Па Возвишениот Аллах објави од сурата Ел-Маиде: „О, Пратенику, нека не те загрижува тоа што брзо го покажуваат неверувањето тие кои со устите свои велат ‚веруваме'..." (Ел-Маиде, 41) сè до Неговите зборови: „Тие што не судеа според тоа што Аллах го објавил се вистински грешници!" (Ел-Маиде: 47). Потоа Ибн Абас, Аллах нека е задоволен со него и со неговиот татко, рекол: „Се колнам во Аллах, за нив (Евреите) беа објавени ајетите: ‚А тие што не судат според тоа што Аллах го објавил, тие се вистински неверници.' (Ел-Маиде, 44), и ‚се вистински насилници' (Ел-Маиде, 45), и ‚се вистински грешници' (Ел-Маиде, 47) и на нив се однесуваат."